Australian Macedonian
# TODAY
33 YEARS
Австралиско Македонски ДЕНЕС
YEAR XXXIV No 1964 7 JUNE 2024 FREE


FREE DIGITAL EDITION
SCAN the QR CODE
SIGN UP NOW!
РЕГИСТРИРАЈТЕ СЕ ЗА ДА ГО ДОБИВАТЕ БЕСПЛАТНО
ДИГИТАЛНОТО ИЗДАНИЕ НА www.australianmacedonian.com.au/subscribe



## НЕВЕСТА И ЗЕТ НА „ГАЛИЧКА СВАДБА 2024“ СЕ СТЕФАНА ДИМИТРОВА И ДАРИЈАН КОЧОСКИ



# ЗАОСТРЕНА РЕТОРИКА МЕЃУ СКОПЈЕ И АТИНА ЗА ДОГОВОРОТ ОД ПРЕСПА

ИМАМЕ РАЗЛИЧНО ТОЛКУВАЊЕ НА ПРЕСПАНСКИОТ ДОГОВОР, ДА СЕДНЕМЕ БИЛАТЕРАЛНО ДА РАЗГЛЕДАМЕ КОИ СЕ ПРАВАТА И ОБВРСКИТЕ НА ДВЕТЕ СТРАНИ, РЕЧЕ МУЦУНСКИ

## ПОЛОВИНА МИЛИОН ГРАЃАНИ ОСТАНАА БЕЗ ПАРИТЕ ВО UNISUPER:

# ГУГЛ ЈА ИЗБРИШАЛ СМЕТКАТА НА ПЕНЗИСКИОТ ФОНД ВО АВСТРАЛИЈА

# Хируршките сали во Клиничкиот центар ќе користат надворешни компресори и садови со компримиран воздух






Заменик-министерката за здравство Маја Манолева објави дека на средба со директорите на скопските клиники се договориле за алтернативни решенија за активирање на хируршките сали кои цели три недели не работат поради проблеми со заедничката компресорска станица и со инсталацијата за кислород.

– Се договоривме да се стават во функција операционите сали во сите хируршки клиники во Клиничкиот центар така што ќе набават и ќе користат дополнителни компресори и дополнителни садови со компримиран воздух. Се договоривме оперативниот план и редоследот на пациентите да се реализира согласно одлуката од страна на стручните колегиуми на секоја од клиниките во рамки на индивидуалните капацитети на секоја клиника, кажа Манолева за телевизија „Сител“.

За набавка на нов централен компресор и нова инсталација на кислород наводно се потребни околу 120 илјади евра. Проблемот бил што тој е сопственост на Владата на РМ, па додека да дојде новата влада и да се распише тендер секоја од клиниките засебно ќе купи апаратура.

AUSTRALIAN MACEDONIAN TODAY
PUBLISHED BY:
AEA ETHNIC PUBLISHERS P/L
Postal: PO Box 544
Thomastown,
Victoria 3074 Australia

Phone: 0403 152 671
Email: denes@westnet.com.au



*Однадвор изгледа дека ништо не се работи, но внатре е поинаку*



# Се сликаат фреските во црквата „Св. Константин и Елена“ во Скопје

Скопската епархија на Македонската православна црква - Охридска архиепископија, ја информира јавноста дека во изминативе 6 месеци интензивно се работи на внатрешноста на храмот „Свети рамноапостолни цар Константин и царица Елена“, во центарот на Скопје: се фрескоживописува и се привршува проектот за изработка на иконостасот и подот, а останува да се изведе електриката и да се уреди просторот околу храмот.

Фрескописот и другите потребни работи се извршуваат од донации, но за целосно доврвшување на храмот ќе биде потребна дополнителна помош, па се очекува да помогнат и верниците, стопанствениците, приватните бизнисмени како и сите луѓе – добронамерници.

Новиот храм се гради во спомен на урнатиот од земјотресот, и е во целосна сопственост на Скопската епархија, со сите подмирени долгови од порано кон изведувачот на градежните работи, кој долгот го пријави дури по неколку години. Во прашање беа над 1.1 милион евра за кои ете МПЦ-ОА веќе се раздолжила (можеби на рати).

Access over 60 lenders in one place
Loan Market Bundoora
COMMERCIAL LOANS
RESIDENTIAL LOANS
INVESTMENT LOANS
DEVELOPMENT LOANS
BUSINESS LOANS
REFINANCING
Stefan Belevski
0400 101 292
stefan.belevski@loanmarket.com.au
Jim Belevski
0419 547 347
jim.belevski@loanmarket.com.au
9467 8887
Suite 1, 20 Enterprise Drive, Bundoora Vic 3083



LOVE & CO
LOVE REAL ESTATE
При продавање и купување на недвижности во северните предградија на Мелбурн: од Норткот до Витлси и Волерт, за да добиете најдобар резултат во секое време зборувајте со
ILIA MENKINOSKI
0417 528 100
ilia.m@lovere.com.au
Love Real Estate Thomastown
201 High Street, Thomastown
www.loverealestate.com.au 9465 2133



# ЈО го „прочешла“ проектот со Бехтел и Енка - се очекува репреговарање



Државниот јавен обвинител Љупчо Коцевски вели дека наскоро се очекува јавнообвинителска одлука од испитувањата на договорите на „Бехтел и Енка“ за изградба на автопатиштата на коридорите 8 и 10д. Обвинителството за гонење на организиран криминал и корупција отвори предмет за изборот на фирмите кои треба да вршат надзор на изградбата на коридорите. Вешти лица на Основниот суд од Прилеп се на терен и што каде се врши ископ од страна на работниците на американско-турскиот конзорциум пред почетокот на изградбата на автопатот Битола – Прилеп. Таму вештите лица испитуваат дали се врши загрозување на животната средина.

Јавниот обвинител Коцевски отворено изјави дека во обвинителството се истражувале податоците за начинот на потпишувањето на договорите со „Бехтел и Енка“.

- Преземени се многу работи. Се работи за конзорциум од три фирми што се испитуваат. Досега има некои нелогичности во договорот. Се преземаат дејства и јас сметам дека, можеби набрзо, Јавното обвинителство ќе излезе со јавнообвинителска одлука, изјави Коцевски во емисијата „360 степени“ на МРТВ. Конкретно се работи за предистрага за тендерот за избор на надзор над изградбата на автопатите од „Бехтел и Енка“. Меѓу другото, се испитува и начинот на избор на фирмата „Електра солушнс“ која обезбедила лиценца за надзор откако веќе била распишана јавната набавка.

Обвинителството го испитува и првиот склучен договор кој потоа беше поништен, но и вториот кој потоа беше потпишан.

Освен ова, вешти лица од Прилеп кај отворениот коп над село Ореовец бараат докази дали работниците на „Бехтел и Енка“ со ископот на материјал на теренот за градба на автопатот Прилеп-Битола предизвикуваат штети на животната средина, изворите на вода и на објектите во Ореовец.

До Уставниот суд поднесена е и иницијатива за оспорување на уставноста на членови од Законот за изградба на автопатиштата во врска со овој договор вреден 1,3 милијарди евра за 5 години. Иницијативата се однесува на нарушени најмалку три темелни вредности на Уставот, а едно од нив е правото на здрава животна средина.

Уште на 16 мај лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Христијан Мицкоски најави дека новата влада ќе се обиде да ги репреговара сите одредби од договорот меѓу Македонија и „Бехтел и Енка“.

- За договорот со „Бехтел и Енка“ има две опции - да се раскине или да се репреговара. Едната е да се раскине договорот и да се оди на арбитража, да платиме стотици милиони евра и да немаме автопат, а втората е да се оптимизира договорот за што веќе имаме почетни разговори, со што би се забрзал и реализирал проектот. Ние сме повеќе за прагматичниот пристап, граѓаните да добијат автопат, но оптимиран, но ваков каков што е, потпишан од оваа влада, за жал, е во одерена мерка неприменлив поради големите правни проблеми, проблеми со експропријација и технички проблеми. Мојата порака е дека како идна влада сакаме да градиме, а не да рушиме, рече тогаш Мицкоски.

А она што се дознава од партиски извори е дека идната Влада ќе бара продолжување на договорот од сегашните 5 на 10 години за да се растовари товарот на буџетот и скратување на вредноста на договорот со намалување на километражата на планираните делници. Ваквото можно репрограмирање или дополнително преговарање на овој договор не ја исклучува одговорноста на одредени претходни функционери, велат од партијата. Одговорен министер за овој проект во минатата влада беше Артан Груби.

Договорот со изградбата на коридорите 8 и 10Д беше потпишан на 8 март минатата година кој опфати изградба на четири автопатски делници во должина од 110 километри и која треба да чини 1,3 милијарди евра.

# Невеста и зет на „Галичка свадба 2024“ се Стефана Димитрова и Даријан Кочоски



Годинава по вековните свадбарски традиции и обичаи, својата љубов на Галичка свадба ќе ја крунисаат Стефана Димитрова и Даријан Кочоски. Уникатната манифестација ќе се одржи од 12 до 14 јули, а Советот на месната заедница Галичник го направи изборот на невеста и зет пред неколку дена.

„Овогодишна невеста е Стефана Димитрова, со потекло од галичките фамилии Чаловски и Веноски, долгогодишна учесничка на галичка свадба, додека зетот е Даријан Кочоски. Двојката ги исполнува сите потребни услови за учество во галичката свадба.

Нека се вечно среќни и бериќетни, да се ќердосает! Годинава на венчавка, в година на крштевка! За многу години да им е љубовта и среќата!“, стои во соопштението на МЗ Галичник.

# Намален бројот на склучени бракови, а зголемен на разводи

Бројот на склучените бракови во Републиката за 2023 година, во споредба со 2022, е намален за 1.6% и изнесува 12.672, покажуваат податоците на Државниот завод за статистика на Македонија.

Најмногу бракови, 1.597 или 12.6%, се склучени во месец август, а најмалку во месец март, 730 бракови или 5.8%.

Прв брак бил за 93.2% од жените и 92.2% од мажите. Во втор брак со учество од 7.0 % и во трет брак со учество 0.8%, од вкупниот број склучени бракови, почесто стапуваат мажите.

Во 2023 година, според возраста, најмногу бракови се случиле во старосната група од 25 до 29 години, односно 4.228 или 33.4% кај жените и 4.450 или 35.1% кај мажите. Просечната возраст при склучувањето на прв брак е 27.5 години за невестата и 30.1 година за младоженецот.

Бројот на разводи во 2023 година бележи зголемување од 9.4% во споредба со 2022 година и изнесува 1.765 разведени брака. Најмалку бракови во текот на годината се разведени во месец август, односно 66 или 3.7%, а најмногу, односно 201 или 11.4% во месец декември.

Според возраста, најголем број разводи се случиле во старосната група од 35 до 39 години. Според траењето на бракот, најмногу разводи (393 или 22.3%) се случиле од 5 до 9 години по склучувањето на бракот.




# Птичји грип меѓу луѓето

Здравствените власти на *Викторија* потврдија дека е забележан прв случај на птичји грип А (Х5Н1) во *Австралија*. Со вирусот било заразено дете кое се вратило од *Индија*, а случајот е регистриран уште во март. Меѓутоа, информацијата властите ја објавија дури два месеци подоцна, откако беше објавено дека птичји грип е откриен кај животни на фарма во *Викторија*. Исто така се наведува дека заразеното дете имало тешка инфекција, но сега се чувствува добро. Потврдено е и дека се следеле сите контакти на пациентот од пристигнувањето во *Австралија* и не е регистриран ниту еден случај на инфекција. Агенцијата за земјоделство на *Викторија* соопшти дека раните тестови го потврдиле присуството на вирусот на фарма за кокошки во близина на *Мередит*, западно од *Мелбурн*. Примероците се пратени на понатамошно тестирање во Центарот за приправност на болести во *Цилонг*. Фактот што вирусот се појавил на фармата загрижи многумина, но здравствените власти велат дека луѓето не се изложени на ризик од зараза, освен ако имале директен контакт со заразена птица или животно.




Симптомите на птичјиот грип вклучуваат висока температура, кашлица, главоболка, болки во мускулите и различни респираторни симптоми. Исто така, раните знаци на инфекција може да бидат и конјунктивитис, како и гастроинтестинални симптоми.

Надлежните ги смируваат потрошувачите, велејќи им да не се грижат кога купуваат јајца и производи од живина во самопослугите бидејќи тие се безбедни за јадење.

### КАКО ПОЛОВИНА МИЛИОН ГРАЃАНИ ОСТАНАА БЕЗ ПЕНЗИСКИОТ ФОНД НА UNISUPER:

# Гугл ја избришал сметката на пензискиот фондот

*Над половина милион Австралијци претрпеа страв и загриженост откако не можеа да пристапат до своите UniSuper пензиски сметки.*




Овој инцидент траеше цела недела, а *UniSuper* соопшти дека дошло до техничка грешка во конфигурацијата на *Гугл клауд* (интернет проблем), а причината наводно се крие во откажувањето на претплатата. Во заедничката изјава, генералниот директор на *UniSuper* и глобалниот извршен директор на *Гугл клауд* платформата се обидоа да им објаснат на корисниците дека нивните лични податоци не биле компромитирани.

Австралискиот пензиски фонд *UniSuper* наиде на големи проблеми откако над 500.000 членови не можеа да пристапат до нивните сметки и пензии.

Ситуацијата дополнително се искомплицира кога беше објавено дека *Гугл клауд* (место на интернет за складирање податоци) случајно ја избришал сметката на фондот, која имала околу $125 милијарди долари.

Над половина милион членови беа фрустрирани, но и сериозно загрижени бидејќи оваа ситуација траеше цела недела.

Инаку, *UniSuper* е водечки австралиски пензиски фонд одговорен за пензиските заштеди на вработените во областите на високото образование и истражување. Едноставно кажано, претплатата на *Гугл клауд*, меѓу другото, била поврзана и со географска одредница. И покрај тоа што цел им е заштита од прекини и губење податоци, тие најверојатно се мешале во работата на *UniSuper*, поради што претплатата била прекината, пишува порталот *Business-standard.com*.

За среќа *UniSuper* чуваше резервни копии кај алтернативен провајдер, така што не е направена поголема штета. Дури минатата година решија поголем дел од работењето да го пренесат на *Гугл клауд* платформата.

По инцидентот, генералниот директор на *UniSuper* и глобален извршен директор на *Гугл клауд* платформата, **Томас Куријан**, се извинија и детално објаснија дека личните податоци на членовите остануваат безбедни.

*„Фрустрирани сме и разочарани од овој прекин"*, се вели во соопштението, припишувајќи го прекинот на *„грешки во услугата на Гугл на клауд"*.

# Пилотот направи чудо и слета без мотор на авионот



Австралиски пилот и неговата партнерка за чудо поминаа неповредени откако моторот на нивниот лесен авион Cessna 210 престанал да работи и за малку избегнаа да се урнат во куќите сиднејскиот аеродром во *Бенкстаун* пред да слетаат на пистата.

Пилотот **Џек Сванпол** очајно управува со својот лесен авион над куќите во западните предградија на *Сиднеј* откако му се расипал моторот нешто пред 14 часот во неделата.

Малиот авион Цесна го пресече врвот на дрвото, леташе ниско и за влакно избегна да удри во покривите на куќите и два хангари на аеродромот *Бенкстаун*, западно од градот, пред да удри во пистата и да запре 150 метри подоцна на тревата.

– *Лебдевме, немавме струја. Ги закачивме дрвјата и отидовме веднаш над хангарот* – изјави за австралиски *9News* потресен **Сванпол**, кој има речиси 30 години искуство со летање.

Од оштетениот авион неповредени излегле **Сванпол** и неговата партнерка **Карин**.

**Карин** рекла дека се сомневале дека ќе стигнат до пистата и се плашеле што ќе се случи ако удрат во куќа.




Др. Сузана Котевска
СПЕЦИЈАЛИСТ ГИНЕКОЛОГ - АКУШЕР
ВИ ГИ НУДИ СЛЕДНИТЕ УСЛУГИ И СОВЕТИ
- Водење на бременост, прегледи и породување
- Гинеколошки операции
- Гинеколошки прегледи и совети за болни менструации
- Лекување на стерилитет
- Пап тест
- Климактерични тегоби
- Совети за контрацепција
- Проблеми со бешиката

ЗАДОЛЖИТЕЛЕН Е УПАТ ОД ВАШИОТ ФАМИЛИЈАРЕН ДОКТОР
Level 1, 117 / 320 Victoria Parade East Melbourne, 3002
Inside Epworth Freemasons Medical Centre
Tel: 9419 8333 Fax: 9415 9998
email: stelaobs@bigpond.com

### ПРАВОТО ЗА ПРОТЕСТ НА УНИВЕРЗИТЕТСКИТЕ КАМПУСИ:

# Балансирање меѓу слободата на говор и безбедноста

Универзитетските професори **О'Саливан, Валид Али** и **Скот Стивенс** дискутираа за етиката, ефикасноста и законитоста на протестите во универзитетските кампуси. Во текот на изминатите неколку недели, студентите на австралиските универзитети протестираат против поврзаноста на нивните институции со производителите на оружје кои доставуваат оружје за *Израел*.



Ова движење е одговор на конфликтот што резултираше со речиси 35.000 смртни случаи на Палестинци во текот на седум месеци, со значителна осуда од експертите на *Обединетите нации*. Овие експерти го истакнуваат несразмерното влијание врз жените и децата и повикуваат на итен прекин на непријателствата и прекин на извозот на оружје.

Протестите, кои исто така се проширија во *Европа* и *САД*, вклучуваат студенти кои поставуваат кампови во кампусите, метод кој привлече голем број на медиуми поради бројните апсења во *САД*. Во *Австралија*, протестите во голема мера останаа мирни, но има растечката загриженост од универзитетите и полицијата за потенцијалното насилство и безбедноста на студентите. Специфичните фрази употребени за време на протестите, предизвикаа дебата за нивните импликации и потенцијалот за ескалација на тензиите.

Правото на протест е основен аспект на демократијата, што ја опфаќа слободата на говорот и собирањето. Австралиските универзитети, како јавни институции, играат клучна улога во олеснувањето на интелектуалниот дискурс и јавната дебата. И покрај обвинувањата од групи како *Институтот за односи со јавноста (ИПА)* дека универзитетите ја потиснуваат слободата на говорот, неодамнешното законодавство наложува универзитетите да ги почитуваат овие слободи за да добијат федерално финансирање.

Меѓутоа, правото на протест не е апсолутно и подлежи на ограничувања според законот за човекови права и другите законски рамки. Членот 19 од Меѓународниот пакт за граѓански и политички права дозволува одредени ограничувања на слободата на изразување, особено за почитување на правата на другите и за заштита на националната безбедност, јавниот ред, здравје или морал. Протестите мора да останат мирни. *Обединетите нации* појаснуваат дека правото на мирно собирање исклучува насилни дејствија.

Се појавува и загриженост за говорот на омраза, особено во однос на термините како „интифада" и „од река до море". Еврејските студенти изјавија дека се чувствуваат небезбедни поради овие изрази, што покрена прашања за тоа дали таквиот јазик претставува основа за затварање на протестите. Точното значење на овие термини е оспорено, при што некои ги толкуваат како повици за еднаквост и слобода, додека други ги гледаат како закани. Законот за човекови права бара сите ограничувања на протестите да бидат разумни и пропорционални. Ова значи дека цели кампови не треба да се отстрануваат само врз основа на употребата на контроверзни пароли. Наместо тоа, жалбите за говорот на омраза може да се поднесуваат според граѓанските закони против клеветење, што овозможува истрага и помирување без нужно да се разбијат протестите.

**Универзитетите историски биле центри на интелектуален дискурс и активизам, со значајна моќ во обликувањето на јавното мислење и поттикнувањето на општествените промени. Протестите играат клучна улога во истакнувањето на општествените прашања и неправдите, често вклучувајќи ја колективната моќ на маргинализираните гласови против институционалната власт. Иако протестите можат да бидат непријатни и предизвикувачки, тие се од суштинско значење за демократскиот ангажман и социјалниот напредок.**

Полицијата има овластување да ги решава нарушувањата на мирот и криминалните дејствија за време на протестите, но нивниот одговор мора да биде пропорционален. Универзитетите како полујавни институции се соочуваат со покомплексна ситуација. Тие мора да го балансираат правото на протест и нивните обврски да обезбедат безбедност и правилно однесување на сите членови на кампусот. Ова вклучува одржување на погодна средина за учење и спречување на прекини на часовите или испитите. Универзитетите можат да ги ограничат протестите доколку претставуваат значителни безбедносни ризици или предизвикуваат големи нарушувања, но таквите активности мора да се усогласат со повелбите за човекови права и да се спроведуваат на пропорционален начин.

Универзитетите исто така треба да ги разгледаат практичните аспекти на управувањето со големи протести. Универзитетската безбедност можеби нема да биде доволна за да се справи со опсежни кампови, што бара вклучување на полицијата за безбедно распуштање доколку е потребно. Секоја интервенција треба внимателно да се планира за да се избегне непотребна ескалација и да се осигура дека преземените активности се оправдани и пропорционални на околностите.

Улогата на универзитетите во дозволувањето и управувањето со протестите е доказ за нивната посветеност на интелектуалната слобода и демократскиот процес. Универзитетите мора да се движат низ деликатната рамнотежа помеѓу почитувањето на правото на протест и обезбедувањето на безбедноста и благосостојбата на сите во кампусот. Со промовирање на интелектуална дебата и толеранција, универзитетите придонесуваат за поинформирано и праведно општество, засилувајќи ги гласовите на оние кои се обидуваат да привлечат внимание на критичните прашања.


INJURED? ПОВРЕДЕНИ?

✓ TAC
✓ WorkCover
✓ Slips & Falls
✓ Superannuation TPD
✓ All Injury Claims
✓ Free First Appointment
✓ Speak Macedonian
✓ Over 25 years experience in Personal Injury Claims

✓ Сообраќајни повреди
✓ Повреди на работа
✓ Суперануација и траен инвалидитет
✓ Сите видови на повреди
✓ Првата средба е бесплатна
✓ Зборуваме Македонски
✓ Повеќе од 30 години искуство во областа за отштета од повреди

NO CLAIM NO FEE



JOHN DELLIOS & ASSOCIATES LAWYERS

183 High Street Thomastown Tel. (03) 9464 4000

# На 29 пратеници од минатиот состав им се прифатени барањата за апанажа, ги има уште на ред

На 29 пратеници од минатиот состав собраниската Комисија за прашања на изборите и именувањата им го прифати барањето за апанажа. Најголемиот дел (што можеше да се очекува) се од сега опозициската СДСМ (19), па од Алијанса за Албанците (4) и ВМРО-ДПМНЕ (2), Маја Морачанин од ДОМ, Боби Мојсовски од ЛДП и по еден поранешен пратеник на БЕСА и ДУИ. Според информациите од Собранието, 57 пратеници од минатиот состав имаат право на апанажа. Поднесени се и други барања што се разгледуваат а рокот истекува на 28 јуни, информираше претседателот на Комисијата Ѓорѓија Сајкоски.

Освен тројца сите други на кои им е одобрена апанажата е во траење од 12 месеци. Пократко ќе ја добиваат Мирослав Јовановиќ (само два месеци до стекнувањето право на пензија), Абдула Салиу (шест месеци до стекнување право на пензија) и Ремзи Мехмеди – девет месеци.

Апанажата е во висина на пратеничка плата.



*Доскорешниот Претседател на Републиката, Стево Пендаровски, побарал пензијата што му следува да биде во мирување зашто тој ќе продолжи да биде професор на Американ колеџот во Скопје*

## Двајцата пратеници на НСДП ќе делуваат опозициски

Централниот одбор на НСДП заклучи дека во наредниот период пратениците (лидерот Горан Мисовски и Соња Мираковска) ќе делуваат опозициски, а за начинот и формата на опозициското делување ќе одлучува на седницата во септември, соопшти Нова социјалдемократска партија – НСДП.

На седница на ЦО на НСДП беше разгледан извештајот за претседателските и за парламентарните избори 2024 година поднесен од изборниот штаб. Извештајот беше едногласно усвоен, а заклучено де дека партијата останува парламентарна партија со два пратеници во актуелниот собраниски состав, соопшти НСДП.


Reg. No. A0042461G

АХАМ BRIDGE OF HUMANITY

ABN 93 019 262 123

АХАМ ГАРАНТИРА ДЕКА ВАШИТЕ ИСПРАТЕНИ БОКСИ ЌЕ ИМ БИДАТ ЛИЧНО ПРЕДАДЕНИ НА ПРИМАЧИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА ВО РОК ОД ТРИ МЕСЕЦИ ОТКАКО КОНТЕЈНЕРОТ ЌЕ ЗАМИНЕ ОД АВСТРАЛИЈА

Места каде се издаваат и примаат кутиите

**ВИКТОРИЈА**

Илија Јошевски Мечето 93673091, моб: 0418 396 256

Дијана Мицалевска Пупалевска 0414 743 117

**ЏИЛОНГ:** Коста 0401 550 841

**АЛТОНА:** Јован 9314 8585 ,0434 088 440

**АРДИА:** Милорад и Сенди 9363 3635

**БАНДУРА:** Филимена 9467 8027

**БОКС ХИЛ-РИНГВУД:** Гоце 0431 518 568

**ДАНДЕНОНГ:** Борката 9795 6305, 0411 767 613

**КИЛО-СЕНТ АЛБАНС:** Ило Мечето 9367 3091, 0418 396 256

**ЕСЕНДОН – АВОНДАИЛ ХАЈТС:** Целе Вељановски 9337 3931

**ЛАЈЛОР ЕПИНГ:** Кинг Фреш Бурек 9401 4777, Стојна и Панде 0481 184 038

**МЕЛТОН:** Драги 0419 325 848

**ПРЕСТОН – НОРТКОТ:** Валентина 0451 820 045

**ПРЕСТОН:** Аница 0409 416 273, Валентина 0451 820 045 Милка и Љупчо, Авио Травел 9471 4556, 9471 4559

**РЕЗЕРВО:** Ило 9460 7802, 0432 654 251

**СЕНТ АЛБАНС:** Кинг Фреш Бурек -9364 3752, 0414 544 563

**ЈАРАВИЛ:** Трена 9687 4663

**НОВ ЈУЖЕН ВЕЛС**

**СИДНЕЈ:** Љупчо 0415 801 989

**АРНКЛИФ:** Горан 0414 597 595

**БЕНКСТАУН – ЈАГУНА:** Сашо 9707 1430, 0416 934 638, Џексон - 9793 0366, 0407 175 727

**КАНЛЕЈ ВАЛИ:** Илија 9754 2287

**РОКДАЕЛ:** ВМ Центури Травел 9587 5493

**КАНБЕРА – КВИНБИЈАН:** Душица 0404 149 965

**ВОЛОНГОНГ – ПОРТ КЕМБЛА:** Васко 0450 484 418

**ЈУЖНА АВСТРАЛИЈА**

**АДЕЛАИД:** Драго 08 8345 1381

**ЗАПАДНА АВСТРАЛИЈА**

**ПЕРТ:** Славе 08 9300 8342, 0419 997 719, Ислам 9440 4038, 0433 214 874

**КВИНСЛЕНД**

**БРИЗБЕН:** Весна 0433 218 018, Невенка 0402 847 225

Добиената сметко-потврда е Tax Deductable, а ако ја пријавувате на вашата годишна такса


# ТРКА ПО БАКАР И ПО ЛИТИУМ ВО ЕВРОПА, А МАКЕДОНИЈА СИ ГИ ЧУВА СВОИТЕ РЕЗЕРВИ ЗА ИДНИТЕ ОКУПАТОРИ




*Рудникот „Бучим“ односно “Боров Дол“ е единствениот во Македонија. Сите досегашни обиди да се отворат уште најмалку три пропаднаа поради еколошките протести*

Поради зголемената побарувачка за бакар ширум Европа и светот, цената на оваа метална суровина руши рекорди. Бакарот почна да се продава за 10.000 американски долари за тон, достигнувајќи ново двегодишно највисоко ниво. Прогнозите покажуваат дека цената ќе продолжи да расте, следните две години дури за 75%.

Европската комисија неодамна го вклучи бакарот на листата критични суровини и одлучи да го стимулира неговото производство на континентот. ЕУ постави цели до 2030 година за домашно производство на минерали потребни за нејзината зелена транзиција – 10% од домашно производство, 25% од рециклирање и 40% преку преработка на минералот во Европа. Европските еко-активисти ја поздравија одлуката на Брисел за постигнување на климатските цели до 2050 година. Унијата се стреми да биде климатски неутрална и да има економија и индустрија со нула емисии на штетни гасови.

Франција, Германија и Италија повикаа приватните инвеститори да се прилагодат кон развојот на производството на т.н. критични минерални суровини, зашто трите земји веќе подготвуваат инвестициски фондови од 2,5 милијарди евра за оваа намена. Фондот за рударството на овие три земји се очекува да биде достапен веќе за некој месец и ќе се фокусира на повеќе од 30 критични минерали, согласно Директивата на ЕУ за критични суровини, но во центарот ќе бидат литиумот и бакарот.

## А за тоа време во Македонија...

Додека регионот и Европа се подготвуваат за остварување на зелената агенда во Македонија нов рудник се нема отворено изминатите 40 години, а со низа пречки се соочуваат сите најави за инвестиции во рударството. Експертите повеќе пати ги повикаа властите да изготват национална стратегија за рударската индустрија. Компаниите кои сакаат да инвестираат посочуваат дека најголем проблем претставува правната несигурност, која пак е предизвикана поради притисоци од дел од јавноста.

Изминатиов период нереализирани останаа најавите за рудник за бакар на Кожув на канадската фирма „Резервоар минералс“, потоа рудникот за бакар во Казандол на англиско-украинскиот конзорциум „Сардич“, која според пишувањата веќе добила пресуда против Македонија во меѓународна арбитража. Сега се очекува да се дознае каква ќе биде иднината на инвестицијата за рудник за бакар во Иловица на канадската компанија „Трафигура“.

Дел од експертите веќе апелираа оваа стопанска гранка да не се става во контекст на дневно-политичка агенда и предизборни калкулации.

*(„Плусинфо“)*

# Дарко Костадиновски е избран за претседател на Уставниот суд



По три дена неуспешни обиди и девет неуспечни кругови на гласање уставните судии избраа нов претседател. Дарко Костовски додје на чело на Уставниот суд откако конечно го добил потребното двотретинско мнозинство (6 гласа) од вкупно деветмината уставни судии.

Мандатот на претходната претседателка, судијката Добрила Кацарска, истече на 2 јуни.

Обидите да се избере нејзин наследник започнаа на 30 мај и имаше вкупно десет круга на гласање.

Првично кандидатки беа Татјана Васиќ-Бозаџиева и Ана Павлова-Данева. Откако во шест наврати резултот постојано беше 5:4, втората се повлече. Потоа следеше обид со друг противкандидат и пак ништо. На крајот се повлече и Васиќ-Бозаџиева па се проба со судијата Кадриу. И тој не доби повеќе од 5 гласа. За излез од оваа ситуација судиите се обидоа да прогласат колективно претседавање, но им беше кажано дека тоа не е законски, туку мора да има еден претседател на Уставниот суд. На крајот компромисното решение стана судијата Дарко Костадиновски (предложен во Уставен од претседателот Ѓорге Иванов, а претходно работел и кај Борис Трајковски).

Претседателот на Уставен е со мандат од три години, но Костадиновски има уште помалку три години од мандатот како уставен судија.

### ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА МАКЕДОНИЈА, ГАШИ:

## „Косово е моја татковина“

Претседателот на македонското Собрание, Африм Гаши, деновиве на новинарско прашање од косовски новинар околу тоа дали е запознаен со случувањата таму пораче дека „Косово е негова татковина и ги следи процесите во земјата со многу внимание“, пренесува ТВ21.

Прашање: Имајќи во предвид дека вашето потекло е од Косово, колку сте запознаени со случувањата во Косово и со животот на граѓаните на Косово?

Одговор: Верувајте, до 1990-тите ние немавме никаква разлика. Кога се поставија административните граници, луѓето родени по деведесеттите можеби и не можат да го разберат ова, но за мене Косово е мојата татковина, местото каде се родени моите родители и сочувствувам со се што се случува во Косово. Нема ниту еден процес - политички, економски или општествен - што не го следам таму и го следам со многу внимание, како да сум оттаму, рече Гаши.



***Од „Вреди“ ни порачуваат дека во Македонија има две засебни општества - македонско и албанско - и би можеле да живеат „едно покрај друго“***

# За „слонот во собата“ ќе седнеме да зборуваме со Грците по формирањето на нашата Влада и европските избори кај нив




Потпретседателот на ВМРО-ДПМНЕ (и веројатно иден шеф на дипломатијата) Тимчо Муцунски и одговори на заменичката на грчката амбасадорка во Македонија, Георгиа Андреади, која на евро-панел организиран од Фондацијата „Конрад Аденауер“ во Скопје повика сите македонски функционери да го почитуваат Преспанскиот договор.

- Очигледно е дека „слонот во собата“ е оти има недоразбирање или различно толкување на правата и обврските од Преспанскиот договор. По формирњето на нашата влада и по завршувањетона европските избори во Грција ќе седнеме, не пред јавност туку на соодветно билатерално ниво, да почнеме отворено да дискутираме.

Новата влада предводена од ВМРО-ДПМНЕ ќе има за цел да ги заштити стратешките надворешнополитички интереси, но и внатрешните национални интереси на земјата.

Имаме целосна свест за кои се нашите обврски, но и права како држава, а кои произлегуваат од повеќе договори коишто Македонија во последните години ги има склучено.

Затоа, за да ги решиме предизвиците и недоразбирањата некогаш по содржината на ваквите договори, ние прво треба да седнеме со дел од земјите-членки на ЕУ коишто се наши соседи и да дискутираме за тоа што не обединува. Ние сме земја членка на НАТО. Имаме стратешки приоритет да го продолжиме процесот на европска интегрција на земјата. Истовремено сакаме да имаме добри односи со сите наши соседи. И очекуваме дека тоа е и желбата на нашите соседи. Тоа се односи коишто треба да ги градиме и да ги надградуваме врз основа на взаемна доверба и добра верба, изјави Муцунски.



# Дигитализација? Ама каква дигитализација во Македонија!?

Вкупно 140 закони, заедно со Законот за општа управна постапка сѐ уште не се усогласени со пакетот закони за дигитализација, се вели во извештајот на Државниот завод за ревизија (ДЗР) на тема „Ефективноста на националниот портал за е-услуги“, а со цел да се даде одговор на прашањето – дали со дигитализација на услугите, за граѓаните ќе се обезбедат поефикасни, целосни, квалитетни и електронски услуги со пониски цени“? Заклучокот е дека процесот на дигитализација на услугите е бавен, а искористеноста на националниот портал за е-услуги од страна на граѓаните е на исклучително ниско ниво.

Во системите на Националниот портал за е-услуги вложени се над A$21 милион од Буџетот и од ИПА проекти. Од друга страна за последните 4.5 години (од 2020 наваму) на порталот се регистрирани вкупно 112.657 корисници кои добиле 64.700 електронски услуги. Од ова произлегува дека цената на една реализирана услуга преку овој портал изнесува 12.815 денари (скоро A$340)!?

„Со воведување на електронските услуги се намалува влијанието на административни службеници во постапките и се зголемува употребата на материјално технички средства за издавање на електронски документи. Но, за дигиталниот образец на издадено уверение, извод или потврда се наплаќа износ од 50 денари, иако овие обрасци не се во материјална форма“, заклучуваат ревизорите.

Во државата се воспоставени пет центри „Една точка на услуги“ каде граѓаните без дигитални вештини и лицата со попреченост можат на едно место да добијат услуги и информации од различни информации. Искористеноста на овие центри во последниве 2 години е поразителна: во Охрид 0,9 лица (нема ни цел човек) месечно доаѓал да побара услуга, во Тетово 7,57; во Битола 62 луѓе месечно, а во Куманово 146 граѓани месечно, односно секој вработен во центрите опслужил од 0,2 до 24,33 граѓани месечно.

Во извештајот на Европската комисија за Индексот на е-Влада, за 2021 и 2022 година, Македонија е на последно место, додека во делот на дигитализација на јавните услуги во Европа е позиционирана на претпоследно место.






**СОБРАНИЕТО СООПШТИ:**

# Пратениците Џафери и Демири можат да ги вршат владините работи до изборот на новата влада



На конститутивната седница на Собранието на Македонија, одржана на 28 мај, уредно беа верификувани мандатите на новоизбраните пратеници во 11-от состав на Собранието. Притоа Собранието констатираше дека: „на претседателот на Владата и на одреден дел на членовите на Владата со верификацијата на мандатот за пратеник, согласно член 8 став 1 од Изборниот законик им престануваат функциите во Владата. Заради обезбедување континуитет во работата на Владата, Владата ќе ги врши само најнеопходните функции до изборот на нова влада, соопшти попладнево Собранието во врска со актуелните дискусии за тоа дали Талат Џафери и Илир Демири можат одреден период да бидат и пратеници и технички премниер и министер за здравство.

Оваа практика не се случува за првпат, потсетува Собранието во соопштението.

Истото се има случувано и на конститутивните седници одржани на: 19 ноември 1998 година, 3 октомври 2002 година и 26 јули 2006 година со верификацијата на мандатот на пратениците, било констатирано дека премиерот и одреден број министри (согласно член 8 став 1 од Изборниот законик) им престануваат функциите ама заради обезбедување континуитет во работата на Владата, ќе ги вршат само најнеопходните функции до изборот на нова Влада.

**СЕ ОТВОРИ ПАТОТ ЗА ПРОМЕНА НА ДВА ЗАКОНА СО 2/3-СКО МНОЗИНСТВО:**

# Формирани собраниските комисии преку кои треба да помине реорганизацијата на Владата

Во македонското Собрание во понеделникот се одржа првата координација на пратеничките групи а во вторникот беа формирани и две собраниски комисии преку кои треба да помине Законот за работа и организација на државните органи, поточно законот преку кој ќе се формираат две нови министерства и ќе се менуваат други ресори.

Пратеникот Лупчо Пренџов ќе раководи со Комисијата за политички систем, а Александар Вељановски ќе раководи со Законодавно-правната комисија. За останатите комисии ќе се одлучува во наредните денови.

Предлог-законот за работа и организација на државните органи се очекуваше да стигне во Собранието до крајот на неделава.

Коалицијата ВМРО-ДПМНЕ, ВЛЕН и ЗНАМ заедно бројат 78 пратеници од потребните 80 за да се усвојат измените во бројот на министерствата. Ако се додаде Моника Зајкова од ЛДП, која се одвои од коалицијата со СДСМ и јавно даде поддршка на измената на овој закон тогаш фали само уште еден глас.

Истовремено со промената на структурата на Владата ќе се менува уште и Изборниот закон, за да се овозможи во општините чии градоначалници станале пратеници да не мора да има нови избори за нов градоначалник туку функцијата да ја преземе лице овластено од Владата. И за оваа измена треба 80 пратеника.

# Таравари: Сигурен сум дека новата Влада ќе ги започне, а можно е и да ги заврши преговорите за членство во ЕУ



Арбен Таравари, еден од лидерите на коалицијата „Вреди“ која со ВМРО-ДПМНЕ ќе ја состави идната влада, вели дека е сигурен оти овој владин состав ќе ги започне преговорите со Европската унија, а на прашањето дали ќе биде министер за здравство, тој кратко одговори: „најверојатно да.“

- Никогаш коалицијата „Вреди“ не би била дел од влада доколку таму не гледаме реформи, промени и напредок на државата. Во тоа да сте сигурни. Јас се радувам што во Македонија после 22 години се случува комплетна промена на власта што остава простор за вистински реформи и напредок на државата. А јас сум сигурен дека оваа влада ќе ги започне преговорите (со ЕУ - н.з.), а не сакам да бидам преамбициозен дека тие би биле завршени во мандатот додека ја има оваа влада, изјави Таравари.

Одговарајќи на новинарско прашање, тој изјави дека негов став е откако ќе започната преговорите со Европската унија да се отвори дебата за нов Устав.

- Јас мислам дека би било добро за државата кога ќе ги започнеме преговорите да отвориме и дебата за промена на Уставот. Јас мислам дека на Македонија ѝ треба нов Устав, рече Таравари.

# САДЕЊЕТО МИЛИОНИ ДРВЈА НЕ ЈА ПОДОБРУВА КЛИМАТА



Од сите решенија за затоплениот свет, „засади повеќе дрвја“ изгледа прилично очигледно.

Но, во Нов Зеланд, каде што ја тестираа таа премиса со поврзување на стимулациите за развој на шумарството, со нивната шема за тргување со емисии, резултатите биле поконтроверзни и помалку ефективни отколку што се надевале активистите за климата.

Сега, по четири години садење дрва, истакнат владин претставник им се придружи на меѓународните агенции, индустриски групи и застапници за заштита на животната средина во повикот за радикална промена.

– Производството на бор и трајното шумарство се легитимни намени на земјиштето. Но, пошумувањето не треба да се поттикнува како евтин начин за неутрализирање на емисиите на фосилни горива – напишал парламентарниот комесар за животна средина Сајмон Аптон во извештајот за промена на употребата на земјиштето.

Групацијата „Ингка“, најголемата глобална франшиза на ИКЕА и главен инвеститор во шумарството во Нов Зеланд, истакнува дека советите на Аптон се значајни и дека групацијата внимателно ги разгледува потенцијалните влијанија, додавајќи дека нивните долгорочни обврски во земјата се непроменети. Други инвеститори во шумарството велат дека тековните дебати ја намалуваат довербата на пазарот.

– Иако неизвесноста останува, Нов Зеланд пропушта значајна можност да го развие својот шумски имот – истакна Фил Тејлор, управен директор на новозеландското шумарство во Порт Блејкли, кој поседува 35.000 хектари насади со мешани видови.

Од 2019 година земјата додала 175.000 хектари шуми, речиси сите со брзорастечки борови „Pinus radiata“ што вшмукуваат јаглерод, помагајќи му на Нов Зеланд да напредува кон својата нето-нулта цел за 2050 година. Но, новиот раст го поткопува обработливото земјиште на нацијата. Зголемениот отпад од шумарството – трупците, лисјата и гранките – повеќе од двојно ја зголемиле штетата од поплавите предизвикани од минатогодишниот циклон „Габриел“.

Шумите навистина апсорбираат многу јаглерод диоксид, но нивната ефикасност опаѓа со текот на времето.

–За да го постигнете истиот еколошки ефект со децении, ќе мора да продолжите да садите повеќе шуми. Тоа всушност не го решава проблемот – вели Џон Саундерс, постар истражувач во единицата за истражување на агробизнисот и економијата на Универзитетот „Линколн“.

– Владата сакаше повеќе дрвја. Цената на земјиштето се зголеми толку многу што земјоделците не можеа да се натпреваруваат – вели Мареј Хелевел, кој одгледува овци и крави на фарма од 640 хектари. Еден по еден, неговите соседи го продаваат земјиштето на шумски претпријатија, па речиси и ја опкружуваат фармата Хелевел со борови.

Сопствениците на шуми, од своја страна, велат дека критиките на фармерите се краткорочни и дека негативните промени во политиката би можеле да влијаат врз годишниот извоз на шумарството, во вредност од 5 милијарди долари, исто така клучен придонесувач за БДП на земјата.

Новата влада во земјата соопшти дека разгледува ревизии на шемата за тргување со емисии, за да се ограничи продуктивното обработливо земјиште што се претвора во шумарство, иако министерот за климатски промени Сајмон Вотс истакна дека ограничувањето на кредитите за шумарство не е предмет на разгледување.

Извештајот на Аптон нуди едно решение што може да ги задоволи потребите на барем некои земјоделци и екологисти. Еден проблем со сегашните кредити за шумарство е тоа што тие се користат за да се неутрализираат емисиите на јаглерод диоксид, обично од фосилните горива, кои се задржуваат во атмосферата вечно – што значи дека шумата исто така мора да живее вечно, наспроти шансите за болести, пожар, бури или штета од човечко однесување.

Но, биогениот метан, гасот на стаклена градина што го испушта добитокот, има поголем ефект на затоплување, но за пократок временски период. Почнувајќи од 2030 година, земјоделците ќе мора да плаќаат за тие емисии или да најдат начин да ги надоместат. Шумарството, вели Аптон, може да биде решение.

### ДРЖАВНИОТ ОБВИНИТЕЛ СО АПЕЛ:

# Да не се откриваат детали од убиството на малата Вања зашто се премногу вознемирувачки



Државниот јавен обвинител **Љупчо Коцевски** апелира до новинарите и медиумите да не даваат опис на дејствијата за тоа како се извршени кривичните дела во случајот со убиствата на 14-годишната **Вања Ѓорчевска** и пензионерот **Панче Жежовски** (74).

*– Апелот е имајќи предвид дека обвинителниот акт сè уште не е стапен на сила, откако ќе стапи на сила, сите медиуми, известувачи да се воздржат од коментирање на дејствијата, имајќи предвид дека се со вознемирувачка содржина* – додаде Коцевски.

**Љупчо Палевски-Палчо**, првоосомничен за убиствата на **Вања** и **Панче**, се уште не бил на распит бидејќи во моментот се вештачат предметите што ги донел со себе од *Турција*, а за кои проценката на предметниот јавен обвинител е дека може да бидат корисни за истрагата, рече државниот јавен обвинител **Љупчо Коцевски** во интервју за *„360 степени"* на *МРТ 1.*

Тој вели дека откако ќе се соберат овие докази, ќе следува обвинение и за **Палевски**, а оваа постапка подоцна ќе може да се спои со постапката која ќе се води за четири други лица кои се обвинети за соучесништво во убиствата и грабнувањето.

Прашан зошто во соопштението од *ОЈО Скопје* од петокот за обвинителниот акт против четири лица, од една страна, се вели дека обвинетите *„испланирале грабнување на 14-годишното дете Вања Ѓорчевска со цел да присилат член на нејзиното потесно семејство да даде парични средства за откуп"*, но потоа не се објаснува зошто не останале на тој план, туку многу брзо по грабнувањето го убиле девојчето, **Коцевски** одговара дека мотивот е јасен, но дека известувањето е срочено така за да не се предизвика вознемирување кај јавноста.

*– Не сакам да коментирам бидејќи се работи за дете кое е убиено на свиреп начин, а претходно страдало –* изјави државниот обвинител.

## Убиство во Боговиње, полицијата го фатила осомничениот 15 минути подоцна



Минатата сабота претпладне во *Боговиње* е застрелан 47-годишен маж. На убиството му претходела расправија меѓу жртвата и убиецот. Осомничениот од својот автомобил извадил пушка и пукал, а веднаш потоа заминал кон *Тетово* каде е уапсен. Го сопрела полициска патрола, а возачот бил вознемирен. Тогаш на полицајците кои го сопреле „БМВ"-то им стигнало известување за убиството и за возилото на осомничениот. Во автомобилот, на задното седиште е најдена и пушката со која е извршено убиство.

МВР издаде соопштение со детали за убиството:

*„На 2 јуни во 10:30 часот на улица „Цветан Димов" припадници на полицијата од СВР-Тетово го лишиле од слобода лицето* ***М.М.****(50) од Боговиње, Тетово, кој управувал „БМВ" со тетовски регистарски ознаки. Тој е осомничен дека околу 10:15 часот со огнено оружје го убил* ***А.Ј.*** *На местото на настанот увид извршија јавен обвинител и полициски службеници"*, стои во соопштението на *МВР*.

## Почина скопски таксист - возејќи патник доживеал срцев удар



Таксист во *Скопје* почина од срцев удар. Се работи за 62-годишен скопјанец со иницијали **Ќ.В.**, кому му се слошило на булеварот *„Словенија"* додека превезувал патник. Во моментот кога му станало тешко, управувајќи со возилото, таксистот излетал од коловозот и удрил во дрво. По несреќата возачот бил пренесен во Градската општа болница *„8 Септември"*, каде од страна на лекар била констатирана смрт како последица од срцев удар. Извршен бил увид. Нема информации од *МВР* дали патникот се здобил со повреди за време на ударот во дрвото.

### ШТИП:

## Ги заклучиле децата во автомобилот и отишле да се коцкаат

Полицијата поднесе кривична пријава против родители од *Штип* кои ги оставиле своите малолетни деца заклучени во автомобил, на паркинг. Според информациите од *МВР*, родителите се на возраст од 42 и 27 години. Децата подолг период останале заклучени на паркингот, додека тие биле во казиното.

Кривичната пријава се однесува за делото *„запуштање и малтретирање на дете"*.

## "Успение на Пресвета Богородица" - Сиденхам



Свештеникот, протереј ставрофор **Ефтим Бетински** ќе биде достапен во црквата *"Успение на Пресвета Богородица"* секој ден од понеделник до петок, од 10:00 до 15:00 часот, Моб: **0499 007 574** или email: *betinski_e@yahoo.com*

Неделната богослужба е од 9:00 часот.

*Macedonian Australian Orthodox Church "Uspenie na Presveta Bogorodica - St. Mary" Western Region inc.- 340 Sydenham Road Sydenham Vic 3037*



## СИДНЕЈ:

# СВЕЧЕНА АКАДЕМИЈА ВО ЧЕСТ НА СВЕТИТЕ КИРИЛ И МЕТОДИЈ



На 26 мај се одржа традиционалната *Свечена Академија* во чест на просветителите **Кирил** и **Методиј** во *Сиднеј*, исполнувајки го својот завет дека доследно се продолжува нивниот пат, и се стреми да го сочува јазикот за нашите идни поколенија во мултикултурна *Австралија*.

Македонскиот православен храм *„Светите Кирил и Методиј“* во *Розбери* ги отвори вратите за младите ученици што го изучуваат македонскиот јазик во *Сиднеј*, заедно со нивните наставници, родители и други гости, да го прослават делото на светите браќа **Кирил** и **Методиј**. Македонскиот просветно -училишен одбор на *Нов Јужен Велс* 46 години е носечко јадро на грижата за организиран систем во редовната и дополнителната настава за македонскиот јазик во образовниот процес. Учениците настапија со рецитирање на стихотворби во чест на учителите и апостоли солунските браќа **Свети Кирил** и **Методиј**. Посебен акцент и белег прикажа ученичката **Леона Петковска** со стихотворбата *Кирил и Методиј.*

За сите ученици, наставници и на гостите им беа доделени благодарници за негување и одржување на македонскиот јазик во *Австралија*.





### ВЕРОНАУКА СО ОТЕЦ ГАВРИЛ:

# БИБЛИСКИ СТУДИИ ЗА МАКЕДОНСКАТА ПРАВОСЛАВНА МЛАДИНА





Минатиов четврток, во просториите на Македонскиот културен центар при Македонската црковна општина *„Свети Георгиј и Пресвета Богородица"* во *Епинг* се оддржа трети- от дел од предавањето *„Правилно запознавање на православната вера и живеење"*. Во организација на Македонската православна младина на *Австралија* со отец **Гаврил** архимандрит австралиски се организираат предавања за православната етика и историја. Македонската православна младина на *Австралија* секој последен четврток во месецот одржува библиски студии со разни теми, и во јуни предвидени се предавања на тема *"Божествената Литургија"*.


**ПЕРФЕКТНО МЕСТО ЗА ВАШАТА ПРОСЛАВА**

MYSTIQUE
Macedonian Restaurant
Tel: 0493 431 483
0401 974 092

*Отворени сме за вечера Четврток - Сабота, од 18 часот до доцна.*

*Кога сте кај нас, може да уживате во голем избор на јадења, пијалок и дезерти од традиционалната македонска кујна.*

*Без разлика дали станува збор за бизнис настан, спортска презентација, свадба, веридба или роденден, ние сме тука да се погрижиме вашата специјална пригода да е незаборавна.*



231 Broadhurst Ave, Reservoir VIC 3073


## СООПШТЕНИЕ

Пензионерската група на ветераните и пријателите од *Томастаун* ги известува сите свои членови дека организира дводневен излет на 15 и 16 јуни. Ќе се оди до *Хиткот, Ечука, Баруга, Јаравонга* и *Шепартон* со спиење во *Баруга*.

Се тргнува во сабота, на 15 јуни од 7:15 наутро од *Main St. Thomastown* (кај базените). Местата се ограничени, за повеќе информации кај: **Косте 0431 360 291**; **Ило 0409 170 812** и **Вера 9466 2094**

## НАСТАВА ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ОД ДАЛЕЧИНА

Агенцијата за иселеништво неколку години по ред организира настава по македонски јазик од далечина (он лајн) за децата со потекло од *Македонија* што живеат во странство.

Ве молиме да не известите дали има заинтересирани деца за ваков вид настава, а доколку има ние повторно ќе ја организираме. Наставата би започнала на 02 септември 2024 година и форматот би бил 2 часа седмично.

Ве молиме заинтересираните што поскоро да ги пријават децата, бидејќи ќе треба да се спроведе проверка на знаењето на македонскиот јазик и да се организираат паралелки според степенот на познавање на македонскиот јазик.

Пријавите праќајте ги на мејл адресата: *agencija_za_iselenistvo@minisel.gov.mk*

# Членката на НАТО подготвена да се приклучи на БРИКС

*Турција* ќе се обиде да се приклучи на групата на нации *БРИКС* и има намера да го постави ова прашање на претстојниот состанок на министрите за надворешни работи на економскиот блок во *Русија*, објави шефот на дипломатијата на *Анкара*, **Хакан Фидан**, пренесува „*AsiaToday*".



Во изјава за новинарите дадена за време на тридневната посета на *Кина*, **Фидан** изјави дека *Турција* долго чека да стане членка на *Европската унија*, но со години се соочува со противење од некои од членките на тој блок.

Во овој контекст *Анкара* сега го разгледува *БРИКС* како алтернативна платформа за интеграција, објасни министерот.

*- Не можеме да го игнорираме фактот дека БРИКС, како важна платформа за соработка, на некои други земји им нуди добра алтернатива*, рече **Фидан**, истакнувајќи дека иако групата има уште *„долг пат да помине"*, *Анкара* го гледа *„потенцијалот во БРИКС"*. **Фидан** додаде и дека со нетрпение очекува да присуствува на состанокот на министрите за надворешни работи на групата, на кој ќе има претставници од *Бразил, Русија, Индија, Кина, Јужна Африка, Иран, Египет, Етиопија, Саудиска Арабија* и *ОАЕ*.

Настанот треба да се одржи следната недела во рускиот град *Нижни Новгород*.

*Москва* го поздрави интересот на *Анкара* за приклучување кон БРИКС. Портпаролот на *Кремљ* **Дмитриј Песков** изјави дека темата за членството на *Турција* во групата ќе биде ставена на агендата на самитот следната недела, со кој оваа година претседава *Русија*.

**Песков**, сепак, истакна дека економскиот блок можеби нема да може целосно да ги задоволи интересите на сите бројни земји кои изразија желба да се приклучат. Сепак тој изјави дека „таков активен интерес" е добредојден и дека групата ќе направи се што е во нејзина моќ да одржува контакт со сите заинтересирани нации.

Минатата недела рускиот министер за надворешни работи **Сергеј Лавров** истакна дека вратите на *БРИКС* се отворени за претставниците на *„најразновидните економски и политички системи и макрорегиони"*. Единствениот услов за приклучување кон групата е посветеноста да се работи врз основа на клучниот принцип на суверена еднаквост на државите – нешто со што се чини дека западните колеги на *Русија* се борат со тоа, коментира **Лавров**.

## Јапонски милијардер откажа приватен лет околу Месечината

Јапонскиот милијардер **Јусаку Маезава** ја откажа својата мисија *„DearMoon"*, која требаше да биде првото приватно вселенско летало што ќе прелета околу Месечината. Тимот на **Маезава** првично имаше намера да лета околу Месечината со познати личности на крајот на минатата година, но тоа не беше можно, се вели во соопштението на веб-страницата на мисијата.



*„Без јасен распоред во блиска иднина, Маезава ја донесе неизбежната одлука со тешко срце и го откажа проектот"*, се вели во соопштението.

*„На сите кои го поддржаа овој проект и со нетрпение го очекуваа овој потфат, искрено им се заблагодаруваме и се извинуваме за ваквиот исход"*, се додава.

Во соопштението за медиумите не се наведени детали за причините за откажувањето на мисијата.


ДИГИТАЛНО ИЗДАНИЕ НА TODAY - ДЕНЕС
БЕСПЛАТНО СЕКОЈ ПЕТОК




ВО ОВА ВРЕМЕ НА БРЗИ ПРОМЕНИ, БИДЕТЕ ИНФОРМИРАНИ СО ВЕСТИ И ИНФОРМАЦИИ ОД ЗАЕДНИЦАТА ШТО ВИ СЕ ПОТРЕБНИ.

Пријавувањето е лесно за да добивате дигитален пристап бесплатно... Посетете ја интернет страницата **www.australianmacedonian.com.au** и пополнете ги вашите детали со име презиме и email адреса на која ќе ви стигнува дигиталното издание

БЕЗ ЛИМИТ ПОНУДА

Автоматски можете да го гледате на компјутер, таблет и мобилен телефон, каде било, во кое било време и на кој било уред. Австралискио Македонски Денес се објавува секој петок, одржувајќи традиција на независно новинарство, откако е основан во 1991 година. Со висок стандард на содржина и презентација привлекува широк спектар на читатели од сите возрасти.

### ОРБАН ПРЕДУПРЕДУВА – БЛИСКУ СМЕ ДО УНИШТУВАЊЕ:

# Европа се подготвува за војна со Русија

Европа влезе во фаза на подготовки за војна со *Русија* бидејќи се повеќе е вовлечена во оружениот конфликт во *Украина*, изјави унгарскиот премиер **Виктор Орбан** за радио *Кошут*.



Унгарскиот премиер прецизираше дека секоја недела гледа сè повеќе знаци дека *ЕУ* и *НАТО* се подготвуваат за воена акција. **Орбан** посочи дека *„одењето во војна не се случува во еден чекор“*.

*– Има три фази: дискусија, подготовка и уништување. Сега ја завршуваме дискусијата и сме во фаза на подготовка. На неколку сантиметри сме од уништување* – рече тој.

Зборувајќи за нуклеарното оружје, **Орбан** претходно рече дека европските политичари имаат тенденција да размислуваат за нуклеарната бомба најмногу како *„тактичко оружје за одвраќање“*, а не за нешто што треба да се користи.

Тој, меѓутоа додаде дека и за време на Втората светска војна, никој не помислил дека Американците ќе користат нуклеарни бомби.

**Орбан** рече дека го смета разговорот за нуклеарно оружје за „лош знак“.

*– Од изразот „мисија на НАТО во Украина“ ви се крева косата на главата* – вели **Орбан**.

Унгарскиот премиер изјави и дека во *Брисел* залудно „кршат глава“ околу враќањето на задолжителниот воен рок во *ЕУ*, бидејќи *Будимпешта* нема да дозволи нејзини граѓани да бидат испратени да учествуваат во туѓа војна.

Тој нагласи дека *Будимпешта* се противи и на тоа одлуката за отслужувањето на воениот рок на унгарските граѓани да се носи *„во Германија или Брисел“*.

# Зеленски не успеа да добие поддршка од азиските земји каква што доби од Западот



На патувањата во *Сингапур* и *Филипини* украинскиот претседател **Володимир Зеленски** не успеа во обидот да ги натера азиските земји да го поддржат *Киев* на ист начин како што ужива поддршка на *Запад*.

Тешкотиите на **Зеленски** во *Азија* не се ограничени само на *Кина*. Од мноштво причини, намерата на *Украина* да ја предизвика истата емоционална и егзистенцијална вознемиреност што ја предизвикува на поголемиот дел од Западот не успеа. Професорот на Националниот универзитет во *Сингапур*, **Раџа Мохан**, тоа го поврза, меѓу другото, и со фактот дека во азиските земји не веруваат во реториката на Западот, бидејќи знаат дека има голема разлика *„помеѓу тоа што вели Западот и тоа што го прави“*. Зеленски претходно зборуваше на конференцијата *Шангри-Ла* дијалог во *Сингапур*, а подоцна се упати во *Манила* за да разговара со филипинскиот претседател **Фердинанд Маркос**.

# Кина зеде примероци од темната страна на Месечината



Кинеската лунарна сонда Chang'e-6 успешно се симна од површината на Месечината и собра примероци за кои научниците очекуваат дека ќе помогнат да се одговори на клучните прашања за раната еволуција на Сончевиот систем, објави кинеската вселенска агенција. Тоа е нова фаза во амбициозната вселенска програма на *Кина*, која сака да испрати човечки екипаж на Месечината до 2030 година. Chang'e-6, именувана по митската кинеска божица на месечината, беше лансирана на 3 мај од јужната кинеска провинција *Хаинан*, а целосно роботската сонда слета на претходно неистражена локација во огромен кратер наречен *Басен на Јужниот Пол – Аиткен* на далечната страна на Месечината. *„Модулот на кинеската сонда Chang'e-6 се симна од површината на Месечината во вторникот наутро носејќи примероци собрани на далечната страна на Месечината, што е невиден подвиг во историјата на човечкото истражување на Месечината“*, објави официјалната новинска агенција *Ксинхуа*, цитирајќи ја вселенската агенција. *„Мисијата го издржа тестот на високите температури на темната страна на Месечината. По успешното собирање примероци, кинеското знаме прво беше поставено на далечната страна на Месечината“*, објави *Ксинхуа*. Научниците веруваат дека темната страна на Месечината, ретко истражена област наречена затоа што никогаш не се гледа од Земјата, а не затоа што никогаш не ги фаќа сончевите зраци, е многу ветувачка за истражување бидејќи нејзините кратери се помалку покриени со стари текови на лава од оние на видливата страна.

*„Примероците земени од другата страна би можеле да ни помогнат да дознаеме повеќе за формирањето и историјата на природниот сателит на Земјата. Тие, исто така, ќе овозможат подобро разбирање за „потеклото на Сончевиот систем“ и подобра подготовка за идните истражувања,* рече портпаролот на мисијата Chang'e-6, **Ге Пинг**, цитиран од новинската агенција *Ксинхуа*. Сондите треба да останат во орбитата на Месечината уште неколку недели, а потоа да започнат со нивното враќање на Земјата, каде би требало да слетаат околу 25 јуни. Кина се надева дека ќе ја лансира својата прва мисија со екипаж на Месечината до 2030 година и планира да изгради лунарна база.

# Древните Египќани се обиделе хируршки да лечат рак пред 4.000 години!

Откриените траги од исеченици, околу канцерогени лезии, на древен египетски череп сугерираат дека луѓето спроведувале операција на рак пред повеќе од 4.000 години. Во новото истражување, истражувачите анализирале човечки череп од колекцијата *Duckworth* на Универзитетот во *Кембриџ*, кој датира помеѓу 2686 и 2345 година п.н.е. Черепот содржел докази за голем примарен тумор, како и повеќе од 30 помали, метастатски лезии. Истражувачите откриле дека овие лезии биле опкружени со траги на исеченици, најверојатно направени со помош на остар предмет, како што е метален инструмент. Ова сугерира дека древните Египќани се обиделе да спроведат операција за лекување на пациентот, за кој се верува дека бил маж во раните 30-ти, велат истражувачите.

Досега, најстариот познат опис на ракот доаѓа од околу 1600 година п.н.е. запишана во Папирусот **Едвин Смит** од *Египет* (древен египетски медицински текст, именуван по **Едвин Смит** кој го купил во 1862 година). Во текстот се опишани неколку тумори на дојката, но се подвлекува дека „нема третман“ за нив.

Новите наоди, објавени во списанието *Frontiers in Medicine*, може последователно да ја сменат нашата концепција за тоа кога започнала модерната медицина, велат авторите.

*„Она што го најдовме е првиот доказ за хируршка интервенција, директно поврзана со ракот“*, изјави за *Live Science* коавторот на студијата **Едгард Камарос Перез**, палеопатолог од Универзитетот во *Сантијаго де Компостела* во *Шпанија*.

*„Тука започнува модерната медицина“*, вели тој. *Новите наоди сугерираат дека ракот бил „граница“ во медицинското знаење на древните Египќани – нешто што тие можеби се обиделе, но не успеале да го третираат успешно,* рече **Камарос Перез**. Сепак, тој призна дека без клиничката историја на пациентите, научниците не можат да ја имаат целосната слика за ракот од кои боледувале покојниците. Одејќи нанапред, тимот сака да погледне уште подалеку во времето за да дознае



повеќе за тоа како луѓето се справувале со ракот низ милениумите.

*„Ако знаеме дека пред повеќе од 4.000 години, древните Египќани се обидувале да го разберат ракот на хируршко ниво, ние сме апсолутно убедени дека ова е само почеток на нешто што започнало пред многу, многу илјадници години“*, рече **Камарос Перез**.













# ТРИКОВИ НА СУПЕРМАРКЕТИТЕ ЗА ДА ТРОШИМЕ ПОВЕЌЕ

Шеесет и четири проценти од купувачите импулсиво купуваат во продавница, според неодамнешното истражување на фирмата за финансиско планирање KDM Financial.

Супермаркетите имаат неколку начини да ги натераат потрошувачите да поминуваат повеќе време во продавниците и на крајот да трошат повеќе, вели Никита Гарг, професорка на Факултетот за маркетинг на Универзитетот во Нов Јужен Велс  и истражувач на однесувањето на потрошувачите.

Главните производи како што се млекото, лебот, сирењето и свежите производи, на пример, често се поставуваат далеку, па клиентите се охрабруваат „да поминат низ што е можно повеќе делови од продавницата“, вели професорката Гарг.

Продавниците исто така се потпираат на звуци и други сетила за да ги забават луѓето кога купуваат.

На пример, супермаркетите имаат и свои музички канали и ги избираат специјално за време од денот, во сезона за да им помогнат на потрошувачите да се движат побавно или побрзо во зависност од тоа што им треба, како и од распоредот на продавницата, објасни таа.

Едноставен начин да се спречи паѓање во оваа замка или да го надминете буџетот, истакнува професорката Гарг, е да се направи список и да се држите до него.

„Пред да купите производ на попуст, важно е да размислите дали навистина ќе го користите. Дури и ако одговорот е да, дали ќе го искористите сето тоа сега?“ додаде таа, а пренесува весникот The  Age.

Навистина треба да внимавате што ставате во кошницата и зошто. Знам дека е малку стресно, но тоа е она што е по-

## ХУМОР - ХУМОР - ХУМОР

Влегол Трпе во кафана и го прашува келнерот:
- Имаш ли пиво?
- Имам.
- Ладно ти е?
- Да!
- Е па оди облечи се и донеси ми го пивото!!

*****

Отишла Трпана кај својот доктор, но кај него имало многу гужва па овој ја препратил кај неговиот помлад колега со кој ја делеле ординацијата. По пет минути излетува Трпана од кај младиот доктор и целата испаничена трча и вришти по ходникот. Ја сопрел нејзиниот доктор и ја прибрал во својата ординација да види што се случило. После пет минути, влетува право во ординацијата на помладиот колега:
- Па добро бе колега, ти нормален ли си, женава има 63 години, две ќерки, четири внучиња, како си можел да и кажеш дека е трудна?
- Колега, а престана ли да ика?

*****

Трпе бил во хотел и се јавува на рецепција:
- Качете се веднаш, жена ми сака да скокне од прозорецот!
- Е што да правам сега јас?
- Како што? Па прозорецот не може да се отвори!

*****

Се среќаваат двајца другари:
- Гледам жена ти добро ослабела.
- Да да, тоа е благодарение на една стара добра кинеска диета, јаде секој ден само супа.
- Со фиде?
- Не со стапчиња.

*****

Два полжави се шетале по улица и едниот му рекол на другиот:
- Ајде да одиме во кино!
- Ајде. Што игра следната година?

# ИЗЛЕЗЕ НОВОТО ПЕЧАТЕНО ИЗДАНИЕ НА АВСТРАЛИСКО МАКЕДОНСКИ НЕДЕЛНИК


www.australianmacedonian.com.au

AUSTRALIAN MACEDONIAN WEEKLY

Австралиско Македонски Неделник

Edition No. 1817 Year 37 • Tuesday, 4 June 2024 • Price $4.00 inc GST

Патувајте во Македонија и секаде во светот
A AVIO TRAVEL
335 High St Preston
03/ 9471 4556
03/ 9471 4559
mobile
0401 686 970

АВСТРАЛИЈА ЦЕЛОСНО ЈА ГАСИ 3G МРЕЖАТА: ПОВЕЌЕ ОД МИЛИОН ПОСТАРИ МОБИЛНИ ТЕЛЕФОНИ МОЖЕ ДА БИДАТ БЛОКИРАНИ

ТЕЛСТРА ОТПУШТА 2.800 РАБОТНИЦИ
ГИ ЗАМЕНУВА СО ВЕШТАЧКА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА

МОСКВА ГИ ПРЕДУПРЕДИ НАТО И САД ОТКАКО И ДОЗВОЛИЈА НА УКРАИНА ДА НАПАЃА ЦЕЛИ ВО РУСИЈА:
ПРОВОЦИРААТ НУКЛЕАРНА ВОЈНА

ИЗБОРИ ЗА ИДЕН ЛИДЕР ВО СДСМ
ЌЕ ИМА ПОВЕЌЕ КАНДИДАТИ ОД ПРАТЕНИЦИ ВО СОБРАНИЕТО!?

ЛУЃИ, ЗБУНЕТИ ИЛИ (НЕ)НОРМАЛНИ:
ДОМАШНАТА ЗЕЛКА СКАПУВА ПО НИВИТЕ, А ИСТОВРЕМЕНО СЕ УВЕЗЕНИ 83.000 ТОНИ!?

ДЕНОВИВЕ ДОДЕЛУВАЊЕ НА МАНДАТОТ
АЛБАНЦИТЕ НИКОГАШ НЕМАЛЕ ТОЛКУ МАЛКУ РЕСОРИ?!

ВО ОХРИД НЕГАТИВЕН, ВО СТРУГА ПОЗИТИВЕН ПРИРОДЕН ПРИРАСТ ВО ПРВИТЕ ТРИ МЕСЕЦИ

БЕЗ ПОБЕДА, НЕМА НАПЛАТА
arnold thomas & becker lawyers
НИЕ СМЕ АДВОКАТСКА ФИРМА СО ЕКСПЕРТИ ЗА:
- сообраќајни повреди / TAC
- повреди на работно место / workcover
- побарувања од медицинска небрижност
- побарувања за повреда при раѓање
- побарувања за отштета од азбестос
- повреди на јавно место
- повреди работници на државни места /Comcare Claims
- Суперануација / неспособност за работа
За проблемите што ги имате околу повреди на работно место зборувајте со ТОНИ ШИШКОВСКИ на македонски јазик на (03) 9614 1433
Tony Siskovski
Director
ЕКСПЕРТИ ВО ЗАКОНОТ ЗА ПОВРЕДИ
573-577 Lonsdale Street, Melbourne, VIC 3000 www.arnoldthomasbecker.com.au

# АФИРМИРАТОР НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК, КУЛТУРА И ТРАДИЦИЈА

СЕКОЈ ВТОРНИК ВО ВАШАТА НАЈБЛИСКА ПРОДАВНИЦА ЗА ВЕСНИЦИ

# Хрватска и „комбинирана“ покажа сила со безидејната Македонија




Фудбалската репрезентација на Македонија нема по добро да го памети гостувањето кај Хрватска во Ријека, затоа што ривалот славеше со три гола разлика (0:3) и така „коцкестите“ ја забележаа највисоката победа во меѓусебните пресметки во балканскиот дуел. Ова беше прв од двата пријателски натпревари за Македонија во јунскиот прозорец, зашто сега следи Чешка исто така на гости, на 10 јуни.

Селекторот Благоја Милевски на терен изнесе познати 11 фудбалери, без капитенот Енис Барди кој е повреден, додека Далиќ комбинираше за Хрватска, а фокусот беше на Перишиќ и на Ковачиќ кој го одигра својот јубилеен 100. натпревар. Кај Македонија, овој меч беше јубилеен (50-ти) за Дарко Велковски.

Натпреварот почна доста отворено, па и двете селекции напаѓаа.

Веќе во 10. Минута од слободен удар, од околу 25 метри, во листата на стрелците се запиша Ловро Мајер. Поранешниот играч на Динамо Загреб шутираше добро, а Македонија имаше лошо наместен жив ѕид, што скапо го чинеше нашиот национален тим. И тоа беше ветер во грбот за противникот, кој во продолжението од мечот диктираше игра.

Пред финишот на првиот дел, во 44. минута, Македонија го имаше првиот шут во рамки на голот на Ливаковиќ преку Трајковски од слободен удар, но голманот на Хрватска беше добро поставен.



И кога сите чекаа крај на првото полувреме, Ловро Мајер изведе одличен потег по проигрување со Батурина и Петковиќ и уште еднаш погоди за 2:0 за домашните. Повторно одбраната на Македонија беше шуплива и се загубија клучните дуели.

На стартот на второто дел Македонија имаше мала иницијатива со шутеви на Атанасов и Трајковски, но тоа не донесе погодок.

Хрватска во продолжението од мечот остана без Ковачиќ и Перишиќ кои беа заменети, се обиде Милевски да го освежи средниот ред со Костадинов и Митровски, но далеку бевме од сериозна шанса за гол. Потоа во нападот влегоа и Чурлинов и Ристовски, на местото на Миовски и Трајковски. На десет минути пред крајот, Хрватите ја запечатија победата. Во петтиот настап, Марко Пашалиќ го постигна првенецот за „коцкестите“.

Во 80. минута Будимир го пронајде играчот на Аталанта и така се дојде до убедливи 3:0, што беше и конечен резултат на мечот, иако Хрватска даде и четврти гол, но беше поништен поради офсајд.



# Милевски не бил задоволен од тактичката дисциплина



Македонската репрезентација продолжи со слабите игрчи и запиша уште еден пораз, а селекторот Благоја Милевски овај пат оправдување најде во играчите. Изјави дека играчите не се конкурентни бидејќи немаат доволна минутажа во клубовите.

- Хрватска покажа дека е подобра во овој момент и честитки за нивната победа. Ние во првото полувреме имавме неколку добри моменти и мислам дека можевме да ги искористиме подобро. До септември ќе мораме да анулираме и некои аномалии во нашата игра, се појавија околу тактичката дисциплина во играта, но и кај физичката подготвеност. Некои играчи мора да ги решат проблемите со минутажата во своите клубови за да бидат поконкуретни во националниот тим, изјави Милевски.

Македонија следниот предизвик го има против Чешка на гостински терен, а дуелот е закажан за 10 јуни.

# Најдобрите македонски фудбалерки триумфираа против Молдавија

На првиот меч во Скопје одиграа нерешено (1:1), ама во возвратниот дуел одигран на стадионот „Зумру“ во Кишињев најдобрата македонска женска фудбалска репрезентација славеше со 4:2 против Молдавија во рамките од групата 2 во Лигата Ц за пласман на Европското првенство 2025.



По првото полувреме нашите фудбалерки имаа позитива од 3:1, во втората минута автогол си постигна Бадичеану за водство на Македонија од 1:0.

Израмнија молдавските репрезентативки со погодокот на Табур во 22 минута, а само четири минути подоцна нашата предност ја врати Андонова од пенал. Непосредно пред паузата по асистенцијата на Максути, за 3:1 се погрижи Андреевска (43`).

Молдавките во 59 минута ја намалија својата негатива преку Колник, а конечниот епилог го постави Андонова со нејзиниот втор погодок на натпреварот.

На табелата Словенија е првопласирана со 12 бодови, пред Македонија која им седум, третопласирана е Летонија со три, а еден има Молдавија.

Следниот меч избраничките на селекторот Александар Андов ќе го имаат на домашен терен на 12 јули против летонската селекција.

MILE UNCEVSKI FUNERAL SERVICES
Прва македонска погребна канцеларија во Австралија



Зборувајте со Миле Унчевски на 02 9502 3205

Миле Унчевски ги разбира македонските православни обичаи и погреби, тој е тука да ви помогне во најтешките моменти. Повеќе од 9 години Миле со неговата погребна компанија помага во најтешките моменти. За денот на погребот можеме да ви обезбедиме крпи, литургија, пченица.

Организираме погреби од Австралија во Македонија и обратно, доколку некој покоен имал желба да биде погребан во Македонија или во Австралија.

Serving the Macedonian Orthodox Community 24 Hours/7 Days

403 Forest Road, Bexley NSW 2207
Tel: 02 9502 3205, Fax: 02 9554 9735

### НАЦИОНАЛНА ПРЕМИЕР ЛИГА НА СЕВЕРЕН НЈВ, 14 КОЛО

# Бродмедоу Маџик – Кукс Хил Јунајтед 5:2



Уште една висока победа за Бродмедоу Маџик кој на одиграни 13 натпревари има постигнато дури 47 гола. Гостите на почеток од средбата можеби имаа малку надеж дека ќе земат бод бидејќи први дојдоа до водство во 8 минута преку Б. Бевериџ за 0:1. Радоста за Кукс Хил траеше кратко и само две минути подоцна Б. Велс изедначи на 1:1.

Во второто полувреме беше досуден пенал за Бродмедоу Маџик, и како прецизен егзекутор Џ. Стјувардсон во 65 минута донесе водство од 2:1. Кукс Хил изедначи во 70 минута со вториот гол на Бевериџ.

После тоа следеше шоу на "магичните" и се редеа головите на С. Донелан 72`, Б. Велс 75` и Р. Смит во 90 минута за 5:2.

Во сабота, на 15 јуни, Бродмедоу Маџик гостува кај Еџворт со почеток во 14:30 часот.

**ТАБЕЛА**

| | |
|---|---|
| Ламбтон Џафас | 37 |
| Бродмедоу Маџик | 33 |
| Чарлстон Азури | 28 |
| Еџворт | 23 |
| Валентин | 19 |
| Њукастел Олимпик | 17 |
| Вестон Воркерс | 16 |
| Маитланд | 15 |
| Кукс Хил Јунајтед | 9 |
| Њу Ламбтон | 5 |
| Лејк Маквори | 3 |
| Адамстаун Розбадс | 2 |

### НАЦИОНАЛНА ПРЕМИЕР ЛИГА НА НЈВ, 17 КОЛО

# Натпреварот Маркони – Рокдаел Илинден откажан

Минатава сабота беше откажана средбата на колото поради дождливото време што го направи теренот небезбеден за игра. Двата клуба ќе се договорат во иднина кој термин најдобро им одговара за да се одигра средбата од шеснаесеттото коло.

Во недела, на 9 јуни, Рокдаел Илинден ја пречекува екипата на подмладокот на Вестерн Сиднеј Вондерерс со почеток во 15 часот.

**ТАБЕЛА**

| | |
|---|---|
| Рокдаел Илинден | 38 |
| АПИА Леикард | 37 |
| В.С. Вондерерс | 37 |
| Маркони | 34 |
| Сиднеј Јунајтед | 33 |
| Блектаун Сити | 31 |
| Сент Џорџ Сити | 30 |
| Сент Џорџ Саинтс | 21 |
| Волонгонг Вулвс | 20 |
| Манли Јунајтед | 20 |
| Сиднеј Олимпик | 19 |
| НЈВ Спирит | 15 |
| Хилс Брамбис | 15 |
| Сатерланд Шаркс | 10 |
| Централ Кост Маринерс | 8 |
| Сиднеј | 8 |

### НАЦИОНАЛНА ПРЕМИЕР ЛИГА НА ЗА, 10 КОЛО

# Армадел – Стирлинг Македонија 5:0

Катастрофално тежок пораз за Стирлинг Македонија на гостувањето во Армадел. Домаќинот во 18 минута дојде до водство преку пенал, а стрелец беше Пиетер Џакобс. После следеа два гола на Чан Јелчан во 42` и 45 минута за 0:3.

Во второто полувреме Џакобс во 65 минута повторно се запиша како стрелец за 4:0. Додека конечниот резултат го постави Амир Аџан во 80 минута за високи 5:0.

Во сабота, на 8 јуни, Стирлинг Македонија ја пречекува екипата на Вестерн Најтс со почеток во 19 часот.



**ТАБЕЛА**

| | |
|---|---|
| Олимпик Кингсвеј | 23 |
| Фриментл Сити | 22 |
| Перт Ред Стар | 20 |
| Вестерн Најтс | 18 |
| Флореат Атена | 17 |
| Бејсвотер Сити | 16 |
| Стирлинг Македонија | 15 |
| Армадел | 13 |
| Балката | 8 |
| Перт | 8 |
| Перт Глори | 8 |
| Инглвуд | 0 |

### НАЦИОНАЛНА ПРЕМИЕР ЛИГА НА ВИКТОРИЈА, 16 КОЛО

# Алтона Маџик Вардар – Окли Канонс 0:2



Премногу голем залак за Алтона Маџик Вардар беше гостинскиот тим кој практично му диши на лидерот во врат. Окли Канонс практично ја решија средбата уште во првите триесет минути и после тоа спокојно ја бранеа предноста. Се играше десеттата минута кога Џо Гест ја затресе мрежата за 0:1. Додека конечниот резултат во 30 минута го постави Пиерс Воринг за 2:0.

Вечерта многу подобро помина подмладокот на Алтона Маџик кој забележа победа од 3:1.

Во сабота, на 8 јуни, Алтона Маџик Вардар гостува кај Данденонг Тандер со почеток во 19 часот.

**ТАБЕЛА**

| | |
|---|---|
| Саут Мелбурн | 41 |
| Окли Канонс | 37 |
| Авондаел | 36 |
| Хајделберг Јунајтед | 33 |
| Хјум Сити | 30 |
| Порт Мелбурн Шаркс | 28 |
| Данденонг Сити | 22 |
| Алтона Маџик Вардар | 17 |
| Мелбурн Најтс | 16 |
| Грин Гали | 16 |
| Данденонг Тандер | 15 |
| Манингам Јунајтед | 10 |
| Мореланд Сити | 7 |
| Сент Албанс Саинтс | 7 |




# Мбапе официјално во Реал Мадрид, ем со помала плата ем ќе го чека „својот број"




Килијан Мбапе (25) и официјално, по сите перипетии последните три години, стана играч на Реал Мадрид. Брилијантниот француски напаѓач пристигна како слободен играч откако му истече договорот со ПСЖ.

Во медиумите веднаш се појави информација за тоа колку Французинот ќе заработи во Реал. Тој потпиша договор на пет години, а годишно ќе заработува A$24.5 милиони. Дополнително доби и A$164 милиони бонус кој ќе му биде исплатен во текот на годините на договорот, односно околу A$33 милиони годишно. Покрај сето тоа, тој има и 80% сопственост на своите „права за име" од кои се очекува да заработува исто така околу A$25 милиони годишно.

Кога се ќе се собере, се доаѓа до бројка од околу A$82 милиони годишна заработка.

Интересно е што неговата плата во Реал Мадрид ќе биде за A$16.5 милиони годишно помала од онаа во Пари Сен Жермен. А треба да се забележи уште и тоа што дури десет играчи во Премиер лигата имаат поголема плата од овој фудбалер: Мбапе ќе има A$475,000 неделно додека Кевин де Брујне има 400.000 фунти неделно, Ерлинг Халанд A$768,000, потоа Касемиро од Јунајтед и Салах од Ливерпул, и двајцата имаа по A$672,000 неделно. По нив следуваат играчите на Челзи, Рахим Стерлинг и Ромелу Лукаку, и двајцата заработуваат по A$624,000. Бернардо Силва, Џек Грилиш и Маркус Рашфорд се на исто ниво со по A$576,000 неделно, додека Каи Хаверц има A$537,000.

Мбапе треба да го носи бројот 9 на дресот на мадридскиот клуб, кој е празен откако неговиот сонародник Карим Бензема минатата година замина во Саудиски Ал Итихад.

Фабрицио Романо, најверодостојниот извор на фудбалски информации, објави дека „Мбапе и неговите претставници не го ни прашале Реал дали може да го земе бројот 10 за следната сезона". Романо истакнува дека Мбапе и Реал покажале „почит кон Лука Модриќ, кој останува во клубот уште една сезона".

Модриќ со години го носи бројот десет, па Мбапе ќе мора да почека да се ослободи со заминувањето на Лука.

# Ѓоковиќ се повлече од Ролан Гарос - итно ќе оди на операција за да биде фит на Олимпијадата



Новак Ѓоковиќ се повлече од Ролан Гарос поради повреда на менискусот на коленото, а веднаш по оваа информација дојде до дополнителни грижи, бидејќи наскоро следуваат Вимблдон и Олимписките игри.

Самиот Ноле со објава на Инстаграм потврди дека се работи за скинат менискус на десното колено, што е повреда која ќе го оддалечи извесно време надвор од терените.

Како што неофицијално пишуваат српските медиуми, Новак веднаш по добивањето на деталните резултати од магнетната резонанца започнал со нова мисија - опоравување до Олимписките игри во Париз.

Веднаш биле контактирани водечките стручњаци за ваков вид повреди и операции во светот. Ноле и неговиот тим работат напорно за да се најде најдоброто решение и клиниката каде ќе биде опериран, за да може да го започне процесот на опоравување од повредата.

Сега веќе почнува трката со времето, за да се опорави до почетокот на Олимписките игри во Париз.

Олимпискиот тениски турнир започнува на 27 јули, дотогаш има седум недели. Она што поттикнува дека е така е фактот што и со вакво колено и скинат менискус Новак успеа да најде начин да го победи Аргентинецот Серундоло.

Позитивен знак е тоа што има огромна волја за игра и ќе направи сѐ за да биде во Париз и да се обиде да го освои единственото нешто што го нема освоено во кариерата - златото на Олимписките игри.

Според српските медицински стручњаци процесот на рехабилитација за врвните спортисти по операцијата, во зависност од степенот на повредата, може да биде од четири до шест недели.

## Сега Синер е број еден на АТП-листата

Со повлекувањето од Ролан Гарос српскиот тенисер загуби 1.600 поени, а Јаник Синер освои 350, па автоматски го престигна на врвот на АТП-листата.

Но, падот може да биде уште поголем доколку Карлос Алкараз победи на Отвореното првенство на Франција. Тогаш Ѓоковиќ ќе падне на третото место.




***Новак Ѓоковиќ по уште еден епски меч (против Серундоло во 1/8 финалето) на Ролан Гарос ја запиша 370-та победа на најпрестижните турнири во светот и така го симна Роџер Федерер од врвот на листата (369 победи), додека на третата позиција на вечната листа е Рафаел Надал со 314 триумфи***

# Серхио Перез потпиша нов договор со Ф1 тимот на „Ред Бул"

Серхио Перез потпиша нов двегодишен договор со својот сегашен „Ред Бул" по силниот почеток на сезоната и покрај неговите потпросечни перформанси во последните два тркачки викенда.

Перез минатата година успеа да заврши на второто место во доминантниот болид „РБ20", што е најголем успех во неговата кариера, а пет од шесте победи во Формула 1 оствари со „Ред Бул".

Оваа година Перез го имаше второто место кај возачите зад Макс Верстапен по првите шест трки, но по двата лоши викенди во Имола и Монако, во кои освои само четири бода, падна на петтата позиција.

Тимскиот шеф Кристијан Хорнер во неколку наврати изјави дека лошиот викенд или два нема да ја расипат позицијата на Перез во преговорите за нов договор.




AVIO TRAVEL Lic. No. 32481
335 High St. Preston
03/ 9471 4556
03/ 9471 4559
mobile:
0401 686 970

AVIO TRAVEL
ВИ ГО НУДИ СВЕТОТ НА ДЛАНКА
ПАТУВАЈТЕ ВО МАКЕДОНИЈА И СЕКАДЕ ВО СВЕТОТ!
ЕВТИНО УДОБНО СИГУРНО ВЕ ОЧЕКУВАМЕ НЕ ЧЕКАЈТЕ, ЈАВЕТЕ СЕ УШТЕ ДЕНЕС ДА СИ ОБЕЗБЕДИТЕ МЕСТО ЗА УТРЕ!
За повеќе информации зборувајте на македонски со Милка Секуловска!
LIC. NO. 32481
335 HIGH STREET, PRESTON, VIC. PH.: 03/9471 4559, 03/9471 4556 MOB: 0401 686 970

СПОРТ
Australian Macedonian TODAY
Австралиско Македонски Денес
ISSN 1442-195X

# ДЕ МИНОР ГО ДЕКЛАСИРА МЕДВЕДЕВ НА РОЛАН ГАРОС



Австралија по 20 години има четвртфиналист во машка конкуренција, Алекс Де Минор го победи Данил Медведев во осминафиналето на Ролан Гарос.

Два часа и 46 минути траеше мечот меѓу 11. и 5. играч во светот и заврши по четири сета со триумф на Де Минор, 3:1 (4:6, 6:2, 6:1, 6:3).

Присуствувавме на едно од најголемите изненадувања оваа година во Париз, иако почетокот не навестуваше такво сценарио

Медведев направи брејк веќе во третиот гем и лесно ја чуваше предноста до крајот на сетот за водство од 1:0.

Рускиот тенисер направи брејк и на почетокот на вториот сет, потоа побара медицински тајм-аут и од тој момент неговата игра се распадна.

Де Минор значително го крена нивото на сојата игра, до крајот на сетот освои пет гема по ред, а во исто темпо продолжи и во третиот сет во кој му препушти само еден гем на Медведев.

Во четвртиот сет Де Минор направи брејк, Медведев возврати, но потоа со уште два брејка Австралиецот го реши мечот.

Во четвртфиналето Де Минор ќе игра против Александар Зверев.

**ПРЕМИЕР ЛИГА НА ВИКТОРИЈА, 16 КОЛО**

# ВЕСТЕРН ЈУНАЈТЕД – ПРЕСТОН МАКЕДОНИЈА 4:2



Подмладокот на Вестерн Јунајтед се покажа како преголем залак за Престон Македонија и со играта во второто полувреме сосема заслужено славеше победа. Во 10 минута домаќинот преку Макс Бесето дојде до водство од 1:0. Тоа беше и моментот кога Престон Македонија заигра поангажирано и успеа да направи пресврт со головите на Весли Џобело во 19` и Џорџио Серденес во 42 минута за на крај од првиот дел да го преземе водството со 1:2.

Во вториот дел од натпреварот Вестерн Јунајтед ја презеде целосно иницијативата и постојано напаѓаше што донесе плод бидејќи се редеа головите на: Абел Волоти во 58`, Џордан Лаутон 75` и Рис Божиновски во 86 минута за 4:2.

Во екипата на Вестерн Јунајтед има четворица играчи со македонско потекло: Лукас Тренковски, Ноа Спасески, Џејк Најдовски и Рис Божиновски и за нив сигурно ќе слушнеме и понатаму кога ќе добијат шанса за настап во првиот тим што игра во А–лигата.

Во петок, на 7 јуни, Престон Македонија гостува кај Норткот Сити со почеток во 20:30 часот.

**ТАБЕЛА**

| | |
|---|---|
| Мелбурн Виктори | 35 |
| Престон Македонија | 31 |
| Норткот Сити | 31 |
| Вестерн Јунајтед | 30 |
| Бентли Гринс | 25 |
| Булин | 21 |
| Лангварин | 21 |
| Мелбурн Сити | 20 |
| Брансвик Сити | 19 |
| Истерн Лајонс | 18 |
| Џорџ Крос | 16 |
| Кингстон Сити | 15 |
| Вереби Сити | 12 |
| Норт Џилонг | 10 |


